**ОПШТИНА ГРАДСКО**
ул.„Александар Македонски“ бр.70А Градско
Тел: +38943251522
Е-маил: gradsko@gradsko.gov.mk gradsko1@t.mk www.gradsko.gov.mk

УП бр.12-08
Бр.на постапка 49441
од 24.02.2023 година
Општина Градско

Градоначалникот на Општина Градско, постапувајќи по барањето поднесено под УП број 12-08 од 08.02.2023 година од страна на Друштво за проектирање, трговија и инженеринг УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ Велес, за одобрување на проектна програма, врз основа на член 58 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20), член 58 и член 60 од Правилникот за урбанистичко планирање(Службен весник на РСМ бр.225/20, 219/21 и 104/22), го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

Се одобрува проектна програма со УП број 12-08 и со број на постапка 49441 од 08.02.2023 година, изработена од Друштво за проектирање, трговија и инженеринг УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ Велес, за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г4 – стоваришта, складови и отпади на КП 20, КО Згрополци, Општина Градско.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Подносителот Друштво за проектирање, трговија и инженеринг УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ Велес, поднесе барање за одобрување на проектна програма со УП број 12-08 и со број на постапка 49441 од 08.02.2023 година, за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г4 – стоваришта, складови и отпади на КП 20, КО Згрополци, Општина Градско..

Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1. Барање за одобрување на Проектна програма,
2. Проектна програма со тех.бр.74/22, од февруари, 2023 година,
3. Графички прилог на проектната програма,
4. Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени – ажурирана геодетска подлога, со деловоден бр.0805-305/5 од 22.11.2022 година,
5. Имотен лист со бр.10, со деловоден бр.1105-15789/2022 од 17.11.2022 година,
6. Услови за планирање на просторот со тех.бр.Y68022 од јануари, 2023 година, издадени од Агенција за планирање на просторот.
7. Решение за услови за планирање на просторот со арх.бр.УП1-15 159/2023 година, издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање – Сектор за просторно планирање.

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на Општина Градско, со Решение бр.09-362/1 од 10.09.2020 година, по разгледување на приложената документација кон барањето и извршениот увид во истата, констатира дека барањето за одобрување на проектната програма е основано и е во согласност со член 60 од Правилникот за урбанистичко планирање(Службен весник на РСМ бр.225/20, 219/21 и 104/22), за што до градоначалникот достави предлог за одобрување на проектната програма со бр.12-08 од 08.02.2023 година, во кое даде позитивно мислење и предлага истата да се одобри.

**ОПШТИНА ГРАДСКО**
ул.„Александар Македонски“ бр.70А Градско
тел: +38943251522
Е-маил: gradsko@gradsko.gov.mk gradsko1@t.mk www.gradsko.gov.mk

Градоначалникот на Општина Градско врз основа на приложената документација кон барањето и предлогот за одобрување на Комисијата за урбанизам при Општина Градско, констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Правилникот за урбанистичко планирање и Законот за урбанистичко планирање (Службен Весник на РСМ бр.32/2020).

Врз основа на горенаведеното, Градоначалникот одлучи како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова Решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на истото, до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот. Жалбата се таксира со 250,00 ден. административни такси.

Градоначалник
на Општина Градско

**Киро Нацков**

Kiro Nackov
Digitally signed by Kiro Nackov
DN: C=MK, OU=VAT - 4004004117484, OID.2.5.4.97=NTRMK-6003796, O=Opshtina Gradsko, SERIALNUMBER=164678, T=Gradonacalnik, SN=Nackov, G=Kiro, CN=Kiro Nackov
Reason: I am the author of this document
Location:
Date: 2023.02.24 11:19:56+01'00'
Foxit PDF Reader Version: 12.1.0